# З А П И С Н И К

## од 31 вата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 31.01.2024 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 16.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 31- вата редовна седница беше предложен дневен ред од 17 точки.

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Валандово;
2. Предлог – Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Валандово;
3. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за статут и прописи;
4. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање;
5. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Валандово;
6. Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
7. Годишен Извештај на Општина Валандово за 2023 година;
8. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
9. Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2023 година;
10. Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 година;
11. Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2023 година;
12. Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2023 година;
13. Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2023 година;
14. Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2023 година;
15. Предлог – Заклучок за давање согласност на Развојниот план на ЈОУДГ „Калинка“- Валандово за периодот 2024 - 2027 година;
16. Предлог – Одлука за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати;
17. Предлог – Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 30- тата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог – Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Валандово претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков даде образложение дека советникот Лазар Ангелов има поднесено оставка од функцијата советник и истата Комисијата за мандатни прашања ја има разгледано и му предлага на Советот да донесе Решение за престанок на мандат.

Со кревање на рака, со 14 гласа ЗА беше констатиран престанок на мандат на Лазар Ангелов.

ТОЧКА 2

По Предлог – Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Валандово повторно претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков даде образложение дека според Изборниот закон, за нареден советник се назначува наредниот кандидат од кандидатската листа од кој е поднесена оставката, а тоа во случајот е Јасмина Танчева.

Со кревање на рака, со 14 гласа ЗА беше констатирана верификација на мандатот на Јасмина Танчева. По ова од нејзина страна беше дадена и потпишана свечена изјава.

ТОЧКА 3

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за статут и прописи образложение даде претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ. Рече дека на седницата беше предложено за член на Комисијата за статут и прописи да биде Јасмина Танчева.

Предлог -Решението Беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 4

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање образложение даде повторно претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ. Рече дека на седницата беше предложено за член на Комисијата за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање да биде Јасмина Танчева.

Предлог -Решението Беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 5

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Валандово беше дадено образложение дека повторно Јасмина Танчева се предлага за член и предлогот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Годишната сметка на Општина Валандово беше дадено образложение од страна на раководителката на одделението за финансии Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Тој даде свое видување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот. Рече дека гледајќи ги материјалите кои се доставени може да се констатира дека е прикажан многу висок процент на реализација, како да сме ,,Монако,, на Балканот, а на терен не изгледа така.Го праша градоначалникот дали тој е задоволен од развојот на Општина Валандово и каде тој ја гледа општината за 30 години.И ако некој сака да се досели во Валандово што ние ќе му понудиме.

Градоначалникот реплицираше. Рече дека се дискутира за друго, а сега на дневен ред е Годишниот извештај на Општина Валандово. Рече дека е задоволен со реализацијата на Буџетот, единствено само не оди според планиранит тек продажбата на собраниската зграда која со години наназад се планира,а не е продадена поради ДУП за централното градско подрачје чие носење е во напредна фаза и се надева дека и таа ќе се продаде. Рече дека очекува опозицијата да каже ,,браво,, за тоа што наплатата на даноци надминува 100 %. А неговата визија за Валандово за 30 години е дека го гледа побезбедно и почисто, за разлика од тоа што беше рударски комплекс.

Тоше Тодоров се јави со контрареплика. Рече дека браво се кажува на магарето кога ќе излезе од калта. Опозицијата не кажува ,,браво,, бидејќи градоначалникот е избран за тоа и има одговорност и обврска за било што ќе сработи. А Валандово не е рударски комплекс таа тема е затворена, но која е понудата за неговиот развој?

Градоначалникот рече дека тој е избран, но избрани се и советниците иимаат одговорност и во каков амбиент ќе биде Валандово зависи од сите и праша која идеја ја има дадено опозицијата освен што напаѓа и сее омраза. За сите општински институции и направеното може да судат граѓаните и нема потреба на секоја седница да се провоцира. Валандово не е рударски комплекс, но некој требаше да стави крај на тоа, бидејќи пред тоа некој друг имаше други планови.

Јулија Тушевска зема збор.Рече дека градоначалникот ги обвинува дека го узурпираат Советот да си го искажаат своето мислење, но сега кога треба навистина да си го кажат своето мислење тој излегува и тоа е многу некоректно и нефер од негова страна.Рече дека од Извештајот се гледа нерационалното трошење од страна на градоначалникот. Потрошени се 14 710 000 денари за договорни услуги за привремени вработувања-партиски вработувања. Развојот во Општината го нема, нови работни места нема, капацитетите кои беа најавувани ги нема. Се што беше претходно кажано, е излажано. Економскиот прогрес кој беше ветуван, го нема, а за 2024 година ќе биде уште полошо бидејќи во Програмата ЈД стои дека инвестициите се намалени за 67%.Животот во Валандово никогаш не бил полош.Младите се иселуваат од општината, а прашањето беше поставено без задни намери да се каже кои работи ќе се превземат за младите да останат и работат во Општината. Рече дека во духот на моралот и етиката добро е некогаш да се признае дека се греши и рече повторно да се запрашаме, дали ние сите заедно сме задоволни од функционирањето на општината,дали сите заедно придонесуваме за тоа. Дали работите кои се случуваат во Општината може да бидат транспарентно завршени.Рече дека таа мисли дека не, и уште еднаш повтори дека животот во Валандово никогаш не бил полош.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека е задоволен од развојот на општината а за тоа има и институти кои го мерат задоволството на граѓаните. За привремените вработувања рече дека најголем дел се во ТППЕ и Дневниот центар , а тие беа наследени од порано.Секој вработен се труди да ги пружи услугите на граѓаните за кои е вработени. Рече дека додека тој е на ф-ја ќе се обиде да ги потсети граѓаните дека зголемувањето на минималната плата ги зголемува издатоците за плата. Праша дали се против изградбата на кино саката, детската градинка исл. Рече дека денес се потпиша свечена изјава за совесно работење во интерес на граѓаните, но со вакво однесување како ќе се одобри животот на граѓаните.Рече дека Советот е претворен во бојно поле.

Јулија Тушевска упати контрареплика. Рече дека го потсетува градоначалникот за тоа што порано тој има кажано и поради што е дојден како градоначалник, тоа што пред 6 години се ветило, а не е направено,

затоа сега го потсетува и го прашува дали е остварена Програмата 1 и 2 и во колкав процент.Рече дека ветувал дека ќе се бори за земјоделците и го праша дали има зборувано со нив и дали ги има прашано во каква состојба се.

Владимир Марков зема збор. Рече дека треба да се дискутира на темата, бидејќи се начнаа многу теми. Рече дека 30% од буџетот се за капитални инвестиции и тоа е рекорд. За 6 години се направија две детски градинки и третата е во тек, домот на култура се реновира. Праша како опозицијата сака да се подобри животот кога на 29 седница не ја гласаше Програмата за ЛЕР, Програмата за уредување на градежното земјиште, Програмата за урбанистичко планирање кои претставуваат услови за развој на општината . Со тоа што само критикуваат и не кажуваат браво испраќаат лоша порака кон инвеститорите.

Тоше Тодоров упати реплика на дискусијата на Владимир Марков.Рече дека власта е нивна и секако дека ако тие предложет нешто ќе бидат одбиени.Тој повторно праша ако некој сака да се досели во Валандово што ние ќе му понудиме, како тој ќе егзистира, ќе го вработите ли во Општина Валандово. Рече дека ако се даде некоја идеја опозицијата ќе ја прифати.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека две години station наназад тие доставиле повеќе амандмани и истите не биле прифатени, затоа што тие проекти биле подоцна вметнати во програмата. Но праша дали тоа што се прави, пешачката патека во Марвинци, детските игралишта, дали се прави се како што треба или се импровизира.

Владимир Марков одговори дека 3 амандмани беа поднесен на самата седница и затоа беше кажано дека не може да се прифатат, но истите проекти ќе бидат опфатени во самите програми.Еден беше за пешачката патека во Марвинци и истиот се спроведе, вториот беше за спортската сала која исто така се реновира и само културниот дом во Собри не се реализираше.

Градоначалникот зема збор. Рече дека проектот 5:50:500 се реализира и не престанува да се реализира . Во 2017 година немаше УП ниту за градот ниту за другите населени места , а урбанизацијата е водечка за развојот на населенитее места.Сега најголем дел од населените места имаат УП и претставуваат можност за развој. Ги потсети дека опозицијатаод претходниот состав, ја напушти седницата кога се пушташе во употреба детската градинака во БрајковциСите други капитални инвестиции се важни за граѓаните и асфалтирањето на улици и патишта и изградбата на трета фаза од проектот ,,Јужен Вардар,, инвестиција од 25 000 000 денари ќе биде за земјоделците, а претходно сакаше да се отвори рударски комплекс .Рече дЗека се труди сите средства од граѓаните повторно да се вратат кај граѓаните и не се прави никаква поделаба по ниеден основ.

Јулија Тушевска се јави за контрареплика. Рече дека треба да ги прашаме земјоделците колку ја користат оваа вода,дали се задоволни од количината и со цената што ја плаќаат за неа.

Никој друг не се јави за збор па Годишната сметка на Општина валандово за 2023 година беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Годишен Извештај на Општина Валандово за 2023 година никој не се јави за дискусија и истиот беше ставен на гласање и изгласан со со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година образложение даде раководителката на одделението за финансии Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година беше повика ВД директорот на ЈП Комунален сервис Глигорије Џилвиџиев да даде образложение.

За збор се јави Анита Коцева. Постави две прашања до директорот.

1.Рече дека 2 години се поставува истото прашање и сега пак ќе се постави истото. Две години никако да се најде решение за финансискиот проблем на ЈП Комунален сервис.Рече дека знае дека од страна на градоначалникот ќе биде обвинета дека собира политички поени и шири политикантство, а реално не е така. ЈП е пред распаѓање. Директорот треба да најде решение, а не само Општината да финансира. Треба да се помогне, но не и целосно да се финансира.

2. Го праша директорот дали размислува за подобро менаџирање, бидејќи досегашното менаџирање не е добро, ЈП Комунален сервис работи со загуба.

Директорот Глигорије Џилвиџиев даде одговор на поставените прашања.Рече дека ЈП Комунален сервис како и сите други комунални претпријатија со давање на услуги и работи на територијата на Општина Валандово, собирање на смет и обезбедување на вода за пиење. Колку финансиски ЈП ќе биде успешно зависи од цените на услугите кои ќе има ЈП. А трошоците се фиксни и не ги избира ЈП колку ќе плаќа електрична енергија, колку ќе биде минималната плата и сл.Дали добро се манаџира може да се види од финансискиот извештај . Со тоа колку се намалени другите трошоци се со цел да функционира како што треба и да ги пружи сите услуги спрема граѓаните. Рече дека може да се донесе во плус како сите други ЈП ако ги зголеми цените како сите што сите го прават во последните месеци, но и тие не излегуваат на крај бидејќи треба секодневно да ги качуваат цените на услугите.Менаџирањето и цените не ги одредува директорот туку Советот . Во тоа се смета ликвидноста на ЈП и законски ЈП не смеат да остваруваат приходи поголеми од тие што за функционирање. Доколку се случи и тоа, ЈП треба вишокот на средства да ги предаде на Општината, која е основач. ЈП и со цени кои што ги има истите цени години station наназад и функционира без блокирана сметка и со исплата кон добавувачите, можеби со задоцнувања, но со исплата. Голем дел од ЈП функционираат со блокирани сметки , но со енормно зголемени цени кон услугите кон граѓаните. Тоа може да се провери кај сите ЈП од регионот и пошироко.

Анита Коцева се јави за контрареплика. Рече за да дојде на дневен ред на Совет покачување на услугите, кој треба да го достави тоа, дали ЈП треба да го донесе, не може само Советот да донесе одлука.

Глигорије Џилвиџиев рече дека пред неколку месеци имаше Предлог-Одлука за покачување на цените за 4 денари и опозицијата гласаше против. Рече дека советниците можат да покренат покачување доколку сметат дека цените не се реални. Цените ги определува регулаторна комисија која дава насока, а Советот го гласа истите.

---

Јулија Тушевска се јави за збор.Рече дека во Финансискиот извештај на ЈП Комунален сервис состојбата е загрижувачка. ЈП прикажува загуба од 4 000 000 денари, но доколку се земат 3 200 000 денари од Општината, излегува дека загубата е 7200 000 денари. Факт е дека нема добро менаџирање. Таа рече дека многу е некоректно од страна на Надзорниот одбор да се даде позитивно мислење на негативен извештај и даде 2 предлога за надминување на кризата во претпријатието.

1. Да се изготви извештај од стручни лица од фирмата и да се достават до директорот и до Општината и да се каже каде одат и зошто има одлив на средства.

2. Во повеќе наврати Општината доделува средства на ЈП Комунален сервис за да излезе од финансиската криза, па во контекст на ова предложи секој месец да се одобруваат по 600 000 денари се додека не се исплатат сите долгови. Притоа праша зошто се тие 58 000 денари за тужби.

Директорот Глигорије Џилвиџиев одговори дека сите граѓани кои имаа 4 неплатени сметки прво се опоменети, па потоа дадени на нотар и извршител. Средствата се платени од фирмата, но по добивањето на спорот истите ќе бидат повратени како приходи, односно наплатени од граѓаните.

Јулија Тушевска предложи да се даде нејзиниот предлог на гласање.

Марија Чурлинова Јорданова се јави за збор. Рече дека кога се работи за зафаќање на финансиски средства од Буџетот треба да се направат усогласувања и не може туку така да се носат такви одлуки.

Владимир Марков зема збор. Рече дека треба предлогот да се достави писмено до правното одделение, до финансии и на крај ако треба Советот да донесе одлука на наредната седница, но само доколку е издржано.

Аспарух Москов се јави за збор.Го праша директорот на ЈП две прашања:

1.Конкретно Удово што е превземено од мај, дали може да добие извештај за приходи и расходи за Удово

2. Трошоците за апликација ,,Рециклирање на отпад,, во 2022 година се 45 000 денари , а во 2023 година 60 000 денари, а приходи 0 денари

Директорот Глигорије Џилвиџиев рече дека што се однесува до приходите и расходите не се поделени по населени места и не може да се одвои Удово. Рече дека може да се дојде во ЈП Комунален сервис и да се види се. Селектирај отпад е започнат во 2022 година, цела 2023 година се користи и тоа е за да стекнат граѓаните навика да селектираат и отпадот да не завршува на депонијата туку да се рециклира. Во моментот селектираат 120 лица и тоа е за пофалба.

Надица Недиќ се јави со реплика. Рече дека доколку е издржан предлогот треба да се поддржи. Рече дека ако треба нека се скрати некоја улица, да се оди по кал, но во културните домови не се оди со кал, и ако сака советникот Тоше Тодоров да привлече нови луѓе во општината, праша каде ќе живеат, кога не се поддржуваат урбанистичките планови за изградба на згради, а младите луѓе сакаат да купат станови, да живеат одвоено, но не ги гласате тие одлуки.

Марија Петкова се јави за збор. Праша што е предвидено, што беше направено во последните 16 години а што сега е направено во населеното место во кое живееме ,детска градинка, патека , бесплатни корпи и контејнери. За тоа што се кажува дека доста е зголемена на работата и опфатот на комуналното можам да кажам дека порано немавме навремено вода за пиење , немабме исфрлање на отпадот, освен една улица која поминува во Брајковци која не е стручно направена и од неа ќе излезе проблем. Имаме најниска цена на комунални услуги во регионот.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека добро е што повеќе советници се јавуваат за дискусија и ја потсети советничката кога учеле тие немало спортски сали, реновирани училишта, трибини, термо фасади и ПВЦ прозорци, парно греење и друго се е направено во претходните 16 години како капитални инвестиции. Во 21 век рече дека е жално што секаде нема асфалтирани улици. Во Брајковци немаше асфалтирање на улици, бидејќи канализацијата не беше направена. Претходната власт ја отпочна, а сегашната само ја пушти во употреба и потоа асфалтира. Не е во ред да се опструира тоа што е претходно е направено, треба каде што едниот ќе застане, другиот да продолжи. Се направи и индустриската зона и таму се застана. Културниот дом во Брајковци е направен, но е ставен во заборав и не е во функција. Беше направена индустриската зона и таму се е застането. Тука треба да се работи. Рече дека таа даде конкретен план за ЈП и сака да се разгледа.

Окан Абдулов се јави за збор. Рече дека колешката кажала многу убаво за се што е направено и но рече дека има еден многу голем проблем. Овие реновирања кои се правеле во Валандово ,

Јосифово можеби се во ред, но во Дедели училиштето беше со скршени прозорци и без шпорет за греење.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. Рече дека загубата на ЈП е поради тоа што се одело на тоа граѓаните да не плаќаат поголеми обврски .Општина Валандово го помага ЈП за сметка на некои инфраструктурни проекти. Нема злоупотреба на извештајот на ЈП, нема исплата на дневници , репрезентации, злоупотреба на средства и тоа е важно. Дали гражаните се задоволни од услугите на ЈП.

Немаше пријавено за дискусија, па Финансискиот извештај на ЈП Комунален сервис беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

Еден советник се иззема од гласањето.

ТОЧКА 10

По Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 година немаше пријавено за дискусија и беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 Воздржани . Еден совеник се иззема од гласањето.

ТОЧКА 11

По Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2023 година образложение даде директорката Ташка Гетова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Еден советник беше изземен од гласање како вработен во училиштето.

ТОЧКА 12

По Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2023 година образложение даде директорката Даниела Џонова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур,, Јосифово за 2023 година образложение даде директорот Антонио Дилберов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 4 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 14

По Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2023 година образложение даде директорката . Марија Тодорова Занова..

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 15

Предлог – Заклучок за давање согласност на Развојниот план на ЈОУДГ „Калинка“- Валандово за периодот 2024 - 2027 година; повторно образложение даде директорката Марија Тодорова Занова..

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Предлог – Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ„Гоце Делчев” Валандово никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

Со ова дневниот ред беше исцрпен и седницата беше заклучена.

ва, а не и истиот не треба да се користи за партиски препукувања.буџетот е план на приходи и расходи, а во Извештајот се прикажува што е реализирано претходната година и дека даноците никогаш порано не биле реализирани повисоко од сега и расходите исто. Рече дека тоа се должи на две работи: едната е поради новата репроценка на имотот во општината и поради тоа што има ново додаден имот кој не бил воопшто оданочен и второ механизмите за наплата кои се спроведуваат од страна на општината, а дека денес Општината изврши плаќање за игралиштето во Јосифово, за игралиштето во Валандово уште некои корекции треба да се направат, па ќе биде платено ти тоа. Рече дека проектирањето на Буџетот се прави законски и во законски рамки и се што се става треба да се реализира и дека Валандово е една од двете општини со најголем процент на наплата.Кога има забелешки во изведбата, тие треба да се отстранат и дури тогаш обврската се плаќа. Инаку досега од страна на ниедна фирма Општината не е оптужена заради неплатен долг и му сугерираше на советникот Тоше Тодоров, во иднина ако му е тешко да пофали нешто, барем да се воздржи од напаѓање.

поради тоа што рамката која е предвидена е помала, Предвидено е да се соберат 8 000 000 денари, а соберени се 12 063 000 денари и затоа излегува дека реализацијате е 108 % .Рече дека не сите реални проекти се ставени во капитални расходи, гледајќи ги договорите дека плаќањето е за 90 дена, а има се поголемо чекање за наплата. Како пример ги зема реконструкцијата на игралиштето во Валандово и Јосифово, пешачката патека во Марвинци и сите тие се на 7 000 000,оо денари, а не се прикажани како капитални расходи

Тоше Тодоров се јави за контрареплика. За тоа што градоначалникот рече дека од страна на ниедна фирма Општината не е оптужена заради неплатен долг, рече дека не треба да се дозволи да се дојде до тоа

бидејќи во иднина нема да се јават на тендерите. А тоа што не се негира што покасно се плаќаат обврските и од тоа не се гледа успешност што ќе има одложено плаќање.

Градоначалникот зема збор. Рече дека Општина Валандово никогаш не дошла до состојба да бара финансиска помош од централната власт за да го сервисира своите долгови, додека скоро сите други општини добиваат финансиска поддршка и рече дека ако не може да се каже браво, не треба да се бараат негативности.

Јулија Тушевска се јави за збор.Се осфрна на исказот на градоначалникот за тоа дека општината има развоен план, а зголемени се само средствата за договорни услуги и привремени вработувања, а во неговата кампања тоа беше критикувано. Се кажуваше дека се е преполно и вработувањата ќе бидат намалени, а сега се е дуплирано. Во неговата кампања биле застапени популистички мерки се со цел да се дојде на власт. Рече дека сега Општината нема инвестиции и реални проекти за отварање на нови работни места. А тоа што општината нема побарано средства од централната власт за плаќање на обврски, тоа е затоа што тој кога ја превзема власта, наследи полна каса и готови проекти кои требаше само да се реализираат.

Градоначалникот упати реплика. Рече дека кога тој ја презеде власта во општинската каса имаше 13 000 000 денари,започнати проекти кои се завршија бидејќи беа во интерес на сите граѓани. Упати благодарност до претходниот градоначалник и општинска администрација што работеле на проекти за граѓаните. Рече дека сега на дневен ред е Кварталниот извешптај на Општина Валандово и истиот не треба да се користи за партиски препукувања.За привремените вработувања кои таа ги спомна, рече дека се луѓе кои достоинствено си ја извршуваат својата работа, а голем дел од нив се во дневниот центар.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година беше ставен на гласање и беше изгласан со 9 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година образложение имаше повторно раководителката на одделението за финансии Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа, но немаше предвидено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни државни натпревари; појаснување даде градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека оваа Одлука била донесена во 2014 година и по истата се постапуваше досега, но сега износите во неа се зголемуваат повеќекратно . Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи претходната.

Беше отворена расправа.

Никојн не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА .

ТОЧКА 4

По Извештајот за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2023 година образложение даде директорот Деан Исиров.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгалсан со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 5

По Предлог - Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година повторно директорот Деан Исиров даде образложение.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збо,р па точката беше ставена на гласање и изгалсана со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 6

По Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2023 година беше повикан да даде образложение командирот на ТППЕ Горан Дилберовски.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгалсан со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 7

По Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 година присутен беше директорот Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска.

Во врска со Извештајот за работа на ЈП Комунален сервис,рече дека тој претставува извештај на тоа колку вработени има ЈП но факт е дека вработените во ЈП немаат земаат плата долг период. Упати неколку прашања до директорот:

1.Колку време вработените во ЈП немаат земено плата?

2.Колку е долгот сперма ЕВН, со оглед на тоа сега објавен е нов тендер и ќе има и нова сметка за струја?

3.Дали против ЈП Комунален сервис има судска постапка покрената од ЈП Македонски шуми?

Рече дека кога таа на една од претходните седница праша, беше одговорено дека нема, а сега излегува дека предметот е даден на извршител и ЈП е оптоварено со уште 100 000 денари за извршител, покрај основниот долг. Крајно одговорно треба да се работи во ЈП, вработените повеќе од 4 месеци немаат земено плата, а од нив се бара да си ги извршуваат работните задачи. Со вакво менаџирање рече дека може да се загрози водоснабдувањето во населените места во Општината.

Директорот Глигорије Џилвиџиев даде одговор на поставените прашања .Рече дека во однос на платите на вработените, важно е да се напомене дека од септември тие се покачени за 10%, секој месец се исплаќа плата, таа доцни но тоа е сведено на минимум. За прв пат се зема К15 во декември. Моментално се доцни со 2 плати, а за долгот со македонски шуми рече дека е направено несогласување на сметките и затоа е поднесен приговор, жалба по приговорот и е изгубено доста време. Поголем дел од главниот износ е исплатен, останат е само мал дел, а износот од 100 000 денари рече дека не е можно да е толку, бидејќи законски на вкупниот долг спрема ЈП Македонски шуми од 400 000 денари не може да се наплати 100 000 трошоци за извршител.

Претседателот Владимир Марков зема збор. Рече дека ЈП Комунален сервис на опозицијата стана омилена тема. Најмалку се дискутира за тоа дека покрај сите тешкотии, функционира добро, своите обврски ги извршува квалитетно и навремено. Никогаш не биле доведени во прашање ниту чистотата, ниту водоснабдувањето, но таа тема не се дискутира туку се даваат други забелешки. Кога се носи Одлука за зголемување на тарифите за поддршка на ЈП вие како опозиција сте против и не гласате, за добивање на ситно политички поени.И забележа дека има елемтарни непознавања и дека некои вработени во ЈП Комунален сервис и во ЈП Македонски шуми не си ја гладаат работата и даваат погрешни информации, а со тоа се шират тензии кај граѓаните.Тој побара да се наведе една лоша работа во врска со работењето на ЈП, дека нема вода, не е соберен сметот. И покрај сите проблеми директорот и вработените успеваат да најдат сили да ги сервисираат услугите и да бидат трпеливи.

Јулија Тушевска упати контрареплика. Рече дека е обвинета за елементарни непознавања. Рече дека долгот спрема ЕВН кој беше 12 000 000 денари, не е платен а на тоа следи нов тендер и нови сметки. На претходната седница за неисправната анализа на вода таа прва алармирала за проблемот, а градоначалникот рече дека не бил запознаен. За ЈП Комунален сервис има сознание дека 45 дена немаат земено плата и сите големи празници ги поминале без плата, а за К15 не треба да се фали со тоа бидејќи тоа е законска обврска.За долгот спрема ЈП Македонски шуми рече дека ќе оди и лично ќе го провери.

Валадимир Марков упати контарареплика. Рече дека со некои работи со кои се фалат само создаваат паника кај населението .Неисправната вода беше само на еден дел од градот и при добивањето на анализите беше реагирано и пристапено кон хлорирање на водата. Рече дека со ниеден потег не покажуваат дека се за спас и помош на ЈП. Рече дека веќе 2 години се дискутира за проблемите со кои се соочува ЈПкои се

предизвикани од покачување на минималната плата, зголемување на цената на елекртичната енергија, за енергетската и финансиската криза, а како Совет не се реагирало на време. Советот го формира ЈП и е директно виновен за проблемите што настанале. И додаде дека знае кога и на наредните седници на кои ќе има исто Одлуки за покачување, опозицијата повторно нема да гласаат. Очигледно е дека приходите не ги покриваат трошоците. Но сега вработените земаат подостоинствена плата 20 000 денари, а пред 6 години земаа 8 000 денари.

Јулија Тушевска упати реплика.Рече дека демантира за известувањето за вода дека било веднаш реагирано.Извештајот бил стигнат во петок, а беше реагирано во вторник. Едниот примерок бил најден во детската градинка и не било објавено во медиумите.

Градоначалникот зема збор. Замоли ЈП да не се злоупотребува за ситно партиски поени. Рече дека многу се дискутира ЈП и време е да се стави крај.ЈП секоја година добива нови населени места со ингеренции за водоснабдување и отпад, Даде предлог сега на оваа седница да се зголеми износот за средствата кои ќе се одобрат од 1000 000,оо на 2 000 000 денари и да се стави крај на таа тема.

Јулија Тушевска рече дека предлага да се одобрат толкав износ на средства за да се исплатат сите плати на вработените

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков